# „Кога муезинот ќе каже: ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘ (Аллах е Најголем), па некој од вас ќе каже (и ќе повтори): ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘

Од Омер ибнул Хатаб, радијаллаху анху, се пренесени овие зборови: Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога муезинот ќе каже: ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘ (Аллах е Најголем), па некој од вас ќе каже (и ќе повтори): ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘, Потоа кога (муезинот) ќе каже: ‚Ешхеду Ен Ла Илахе Иллаллах‘ (Сведочам дека нема друг Бог освен Аллах), па некој од вас ќе повтори: ‚Ешхеду Ен Ла Илахе Иллаллах‘, Потоа кога ќе каже ‚Ешхеду Енне Мухаммеден Ресулуллах‘ (Сведочам дека Мухаммед е Аллахов Пратеник), па некој од вас ќе повтори: ‚Ешхеду Енне Мухаммеден Ресулуллах‘, Потоа кога (муезинот) ќе каже: ‚Хајје ‘Алас-Салах‘ (Дојдете на намаз), па некој од вас ќе каже: ‚Ла Хавле Ве Ла Куввете Илла Биллах‘ (Нема сила ниту моќ освен со Аллах), Потоа кога (муезинот) ќе каже: ‚Хајје ‘Алел Фелах‘ (Дојдете на спас), па некој од вас ќе каже: ‚Ла Хавле Вела Куввете Илла Биллах‘, Потоа кога (муезинот) ќе каже: ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘, потоа некој од вас ќе повтори: ‚Аллаху Екбер, Аллаху Екбер‘, Потоа кога (муезинот) ќе каже: ‚Ла илахе Иллаллах‘, потоа некој од вас ќе повтори: ‚Ла Илахе Иллаллах‘, – од срце (ќе го кажува и ќе повторува по муезинот), ќе влезе во Џенетот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Езанот е известување на луѓето за настапувањето на времето за намаз, а неговите зборови ги содржат постулатите на иманот-исламското верување. Во овој хадис, Пратеникот  го појаснил пропишаното однесување при слушањето на езанот, а тоа е дека оној што го слуша треба да ги повторува зборовите на муезинот. Кога муезинот ќе каже: „Аллаху Екбер“, (Аллах е Најголем), слушателот исто така треба да каже: „Аллаху Екбер“, и така натаму. Исклучок се зборовите : „Хајје ‘Алес-Салах“ и „Хајје ‘Алел Фелах“, (Дојдете на намаз, и дојдете на спас), при што слушателот треба да изговори: „Ла Хавле Ве Ла Куввете Илла Биллах“ (Нема сила и моќ освен со Аллах). Пратеникот  исто така појаснил дека оној кој искрено од срце ги повторува зборовите на муезинот ќе влезе во Џенетот. Значењето на зборовите од езанот: „Аллаху Екбер“ (الله أكبر) – значи дека Аллах е Највозвишен, Највеличествен и Најголем од сè. „Ешхеду Ен Ла Илахе Иллаллах“ (أشهد أن لا إله إلا الله) – значи: „Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах.“ „Ешхеду Енне Мухаммеден Ресулуллах“ (أشهد أن محمّدًا رسول الله) – значи: „Потврдувам и сведочам со мојот јазик и срце, дека Мухамед е Аллахов пратеник, кого Возишениот Аллах го испратил, и кому сме должни да му се

покоруваме.“ „Хајје ‘Алес-Салах“ (حـــــيَّ علـــــى الصَّلاة) – значи: „Дојдете на намаз“, а одговорот на оној што го слуша: „Нема сила ни моќ освен со Аллах“ означува дека нема начин за избавување од пречките на покорноста, ниту сила за неговото извршување, ниту способност за кое било дело, освен со Аллаховата помош и упатство. „Хајје ‘Алел Фелах“ (حــيَّ علـــى الفلاح) – значи: „Дојдете на спас“, односно кон причината за вистинскиот успех – освојувањето на Џенетот и спас од Џехенемот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65086

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee